| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Државна урбанистичка планска документација за прифатен центар за странци на КП 35, КО Бардовци, Општина Карпош |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Агенција за планирање на просторот на Република Македонија |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | м-р Јулијана Ставревски - диа, бр. на овластување 0.0382 |
| **Назив на работното место** | Раководител на Државна урбанистичка планска документација и планер |
| **Контакт податоци за лицето** | Агенција за планирање на просторот<br><br>Плоштад Македонија бб/4<br><br>1000 Скопје<br>Е-маил: agencija@app.gov.mk<br>Телефон: 02 3227 244 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија (2017-2027); Просторен План на РМ; Планската програма, изработена врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и Регулациски план на Генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко - плански документации и архитектонско - урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура (Службен Весник на РМ бр. 142/15), членот 57 од Законот за градење (Службен Весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18) и Годишната Програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови, Регулациски планови на Генерални урбанистички планови, Урбанистичко - планска документација и Урбанистичко – проектни документации за 2018 година (Службен Весник на РМ 16/18), точка 1.6 која гласи: “Изработка на државна урбанистичко планска документација за прифатен центар за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| странци за потребите на Секторот за гранични работи и миграции при Министерството за внатрешни работи на КП бр. 35, запишана во Имотен лист бр. 2140 за КО Бардовци".<br>За просторот, на кој се однесува оваа ДУПД, издадени се Услови за планирање на просторот-Y11518, со решение бр.УП1-15 1530/2018 од 20.11.2018 година. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| / | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** | | | |
| **Да** ☒<br>**Не** ☐ | **Член:** 3 | **Точка** 13 | **Алинеја:** |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Нема потреба, не влегува во уредбата | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Државната урбанистичка планска документација, која претставува основен развоен документ, има крајна цел преку:<br>• рационално користење на земјиштето;<br>• максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот;<br>• оформување препознатлива архитектонска целина;<br>• почитување и заштита на правото на човекот на работа;<br>• почитување и валоризација на културното и градителското наследство;<br>• вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето;<br>• подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет;<br>• вградување на мерки за заштита на природата и животната средина;<br>• вградување мерки за заштита и спасување;<br>• почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето и<br>• почитување на законските прописи за дадената намена,<br>да ги утврди параметрите и насоките за изработка на Архитектонско - урбанистички проект, Проекти за инфраструктура и Основни проекти за градежната парцела. | | | |

| |
|---|
| Со Државна урбанистичко-планската документација за прифатен центар за странци на КП 35, КО Бардовци, општина Карпош, се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето дефинирани според чл.28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен Весник на РМ бр: 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18):<br>• Група на класа на намена – В (Јавни институции)<br>• Основна класа на намена – В4 (Државни институции),<br>со можност на вградување на компатибилни класи на намена на основната во рамки на дозволениот процент согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).<br>Бидејќи активностите, предвидени со планската документација, нема да предизвикаат значајни негативни влијанија врз животната средина и социо-економските аспекти, се донесува ***Одлука за не спроведување на стратегиска оцена на животната средина.*** |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Во Законот за просторно и урбанистичко планирање за државна урбанистичка планска документација нема одреден период за донесување на планскиот документ. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| Во Законот за просторно и урбанистичко планирање предвидено е ревидирање на планскиот документ од страна на стручна комисија што ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).** |
| Површината на планскиот опфат за прифатен центар за странци изнесува 7,055 ha на КП 35 во КО Бардовци, општина Карпош. Границите на планскиот опфат, на северно - западната, југо - западната и југо - источната страна се дефинирани со границите на катастарската парцела КП 35 согласно точка 1.6 од Годишната Програма.<br>На северно - источната страна постои не категоризиран земјен пристапен пат кој ја тангира локацијата. Предметната локација се наоѓа северно - западно од градот Скопје. Во близина на планскиот опфат, од неговата северна страна, се наоѓа автопатската обиколница, а од источната страна се наоѓа потегот на магистралниот пат со ознака А4 (Качанички пат).<br>Предметната локација се наоѓа во границите на втората и третата заштитна зона на бунарите Нерези-Лепенец, заради што треба да се почитуваат одредбите пропишани во Одлуката за утврдување на границите на заштитните зони на бунарското подрачје Нерези – Лепенец ("Службен гласник на град Скопје" бр. 14/99).<br>Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на спортски аеродром Стенковец кој спаѓа во секундарната аеродромска мрежа.<br>Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот кој е предмет на разработка на Државна урбанистичко - планска документација за изградба на објект со намена В4-државни институции (прифатен центар за странци), КО Бардовци, општина Карпош, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>На подрачјето кое е предмет на анализа има регистриран недвижен споменик на културата (Експертен елаборат): Конаци на Авзи Паша, Бардовци, 18-19 век.<br>Согласно Просторниот план на Република Македонија, предметната локација за која се наменети Условите за планирање на просторот за изработка на ДУПД за изградба на објект со намена В4-државни институции (прифатен центар за странци), КО Бардовци, општина Карпош, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства и индиректно загрозени простори од воени дејства. |

| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
|---|
| Да☒<br>Не☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).** | |
|---|---|
| Со реализација на планскиот документ се предвидува уредување на просторот со намена за изградба на прифатен центар за странци на КП 35, КО Бардовци, Општина Карпош. Активностите во планскиот опфат, ќе бидат потенцијални извори на емисии во медиумите од животната средина на предметното подрачје, затоа во Елаборатот за заштита на животната средина треба да се даде посебен осврт на можните влијанија врз медиумите од животната средина и здравјето на населението и да се предложат мерки за намалување или избегнување на истите.<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој државен урбанистички плански документ, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија.<br>Можните влијанија се разгледуваат низ прашањата и одговорите, кои следуваат. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Изградбата на прифатниот центар за странци во Општина Карпош се очекува да предизвика долгорочни негативни влијанија од социоекономски аспект, односно интеграција на прифатените странски државјани во социјалните текови на заедницата, потреба од отворање на нови работни места, сместување, комуникација со локалното население, ризици по здравјето и безбедноста на заедницата, а особено врз жените и децата. Дополнително изградбата и функционирањето на ваков центар ќе предизвика потреба од јакнење на институциите во смисла на обезбедување сигурност на сместувачките капацитети во прифатниот центар за странци и луѓето (странците) кои таму ќе бидат сместени, како и јакнење на институциите во смисла на безбедно функционирање на центарот и сите пропратни инфраструктурни елементи.<br>Од аспект на животна средина спроведувањето на планскиот урбанистички документ, ќе предизвика негативни влијанија врз животната средина во фазата на изградба но и оперативна фаза кога центарот ќе биде посетуван од странците.<br>Во конструктивната фаза се очекуваат влијанија од работењето на градежната механизација но и од вработените кои ќе бидат ангажирани на проектанта локација. Главните емисии, кои ќе се генерираат, се |

| | |
|---|---|
| | емисии во воздух, почва, води, бучава и вибрации. Ќе се генерира значителна количина на отпад кој главно ќе биде отпад од градење и рушење, отстранета земја, мешан комунален отпад, отпад од пакување, опасен отпад со кој доколку не се управува соодветно ќе претставува закана и опасност по околното население, медиумите во животната средина и биолошката разновидност во потесното подрачје. Подрачјето е особено сензитовно заради постоење на бунарскиот систем Нерези-Лепенец.<br><br>Влијанијата се оценуваат како краткорочни до среднорочни и повратни, локални и со мал до среден интензитет.<br>Во оперативната фаза се очекуваат влијанија врз животната средина од посетителите на прифатниот центар. Очекувани емисии се во воздух, вода, почва, бучава и вибрации како и емисии од несоодветното управување со генерираниот отпад. Влијанијата во оперативната фаза се оценуваат како незначителни до мали доколку управувањето со Центарот и сите инфраструктурни содржини се реализираат применувајќи добра меѓународна пракса и националните и меѓународни стандарди, кои ја уредуваат областа, како и примена на предложените мерки за ублажување. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Во опкружувањето на планскиот опфат во радиус од ~ 1 km не се вршат дејности или активности, односно околината е претставена со обработливо и напуштено земјоделско земјиште. Во пошироката околина може да се забележат индустриски објекти, населени места (населено место Волково и Бардовци), како и магистралниот пат А4.<br>Истите претставуваат извори на емисии во животната средина и имаат придонес во квалитетот на воздухот, водата, почвата.<br>Со имплементација на државна урбанистичка планска документација, можно е да дојде до појава на нарушување на квалитетот на животната средина и човековото здравје при несоодветно управување со генерираниот отпад, зголемено ниво на бучава од транспортот и слично. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Ризици врз здравјето на луѓето или животната средина, како резултат на инцидентни истекувања на масла, масти и нафта во конструктивната фаза.<br><br>Во оперативната фаза не се очекуваат ризици по животот и здравјето на луѓето или животната средина доколку се почитуваат мерките за ублажување. |

<table>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)</td><td>Општина Карпош со 59.666 жители</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Изградбата на планските содржини со државната урбанистичка планска документација, ќе резултира негативни влијанија од социо-економски аспект, односно интеграција на прифатените странски државјани во социјалните текови на заедницата, потреба од отворање на нови работни места, сместување, комуникација со локалното население, ризици по здравјето и безбедноста на заедницата, а особено врз жените и децата. Дополнително изградбата и функционирањето на ваков центар ќе предизвика потреба од јакнење на институциите во смисла на обезбедување сигурност на сместувачките капацитети во прифатниот центар за странци и луѓето (странците) кои таму ќе бидат сместени, како и јакнење на институциите во смисла на безбедно функционирање на центарот и сите пропратни инфраструктурни елементи. Исто така со оглед на фактот што во непосредното опкружување на планскиот опфат се наоѓаат имоти со висока вредност се очекува негативно финансиско влијание врз вредноста на споменатите имоти, што може да доведе до незадоволство кај сопствениците.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Најблиските населени места се Волково и Бардовци на растојание од 600 m и 1 km, соодветно.<br>Во близина на планскиот опфат поминува река Лепенец на растојание од 500 m. Опфатот на планскиот документ се наоѓа во втората и трета зона на бунарите за водоснабдување на Скопје Нерези-Лепенец.<br>Во границите на планскиот опфат предложен за изработка државна урбанистичко планска документација за прифатен центар за странци нема евидентирано природно и културно наследство.<br>Предвидените активности во планскиот опфат, ќе бидат извори на емисии во воздух, вода, бучава, отпад, но се очекува истите да бидат контролирани и сведени во границите на максимално дозволени концентрации дефинирани во согласност со националното законодавство.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Не е евидентирано природно наследство.<br>На подрачјето кое е предмет на анализа има регистриран недвижен споменик на културата (Експертен елаборат): Конаци на Авзи Паша, Бардовци, 18-19 век, а во Археолошката карта на Република Македонија евидентирани се осамени наоди.</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак дозволените граничните вредности за емисии, бидејќи преземени соодветни мерки за нивно намалување или елиминирање.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Земјиштето во границите на планскиот опфат претставува земјиште со IV бонитетна класа за неземјоделско користење</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја подрачја.</td><td>Нема</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:</td></tr>
</table>

Планскиот документ претставува појдовна точка во процесот на урбанизирање на земјиштето со соодветната класа на намена, во согласност со потребите за идната употреба на локацијата, односно пренамена на земјоделското земјиште во земјиште со намена Б4 – државни институции (прифатен центар за странци). За содржините, предвидени во планскиот опфат, доколку се утврди потреба ќе се изработи Елаборат за заштита на животната средина.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Планскиот опфат се наоѓа во населено место Бардовци во Општина Карпош. На локацијата постојат објекти во сопственост на Минстерството за одбрана кои во моментот не се користат.

Најблиските населени места се Волково и Бардовци на растојание од 600 m и 1 km, соодветно.

Во близина на планскиот опфат поминува река Лепенец на растојание од 500 m. Опфатот на планскиот документ се наоѓа во втората и трета зона на бунарите за водоснабдување на Скопје Нерези-Лепенец.

Изградба на објект со намена В4-државни институции (прифатен центар за странци), КО Бардовци, општина Карпош, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во опкружувањето, како и уреденост на просторот сето тоа базирано врз принципите на одржлив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Од аспект на животната средина во конструктивната и оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:

Воздух: Емисии од работење на градежната механизација во конструктивната фаза и емисии на прашина и издувни гасови од возилата на посетителите на центарот во оперативната фаза.

Бучава и вибрации: Зголемено ниво на бучава и вибрации од работење на градежната механизација во конструктивната фаза и од возилата на посетителите на центарот во оперативната фаза.

Вода: На предметната локација ќе се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води. Несоодветното третирање на отпадните води може да го наруши квалитетот на површинските и подземните води поточно на река Лепенец, како и квалитетот на почвата.

Почва: Несоодветно управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата.

Пејзаж: Планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејзаж.

Транспорт: Зголемена фреквенција на возила до прифатниот центар за странци.

Отпад: Генерирање на опасен и неопасен отпад.

Инцидентни истекувања на масла и масти: од транспортни средства и механизација и возилата на посетителите на локацијата.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Планските содржини и предвидените активности може да доведат до зголемување на емисиите во воздух, почва, води, бучава итн., посебно во конструктивната фаза. Истите ќе предизвикаат и зголемување на сообраќајот долж патиштата.

Покрај еколошки проблеми, проблеми кои може да го забават спроведување на планскиот документ е можното незадоволство кај локалното население, бидејќи постоење на еден ваков центар може негативно да влијае врз вредноста/цената на нивните имоти. Исто така присуството на странци, може да ја засегне сигурноста на заедниците. Сепак при донесување на планскиот

документ ќе се земе предвид ставот на јавноста и засегнатите страни во однос на имплементација на планските содржини.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

За планскиот опфат на Државна урбанистичка планска документација за прифатен центар за странци на КП 35 во КО Бардовци, општина Карпош, нема претходна урбанистичко - планска документација. За просторот каде се планира ова ДУПД издадени се Услови за планирање на просторот Y11518 со решение бр.УП1-15 1530/2018 од 20.11.2018г.

За предметниот плански опфат, претходно не е изработена друга планска документација.

Планската документација е изработена врз основа на член 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија (2017-2027)

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Предметниот плански опфат не бил предмет на стратегиска оцена на влијанијата.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Во подоцнежната фаза, на ниво на проект, ќе се подготви Елаборат за заштита на животната средина, во согласност со Уредба за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на Градот Скопје и градоначалникот на општините во Градот Скопје („Службен весник на РМ“ бр. 80/09 и 32/12), точка X – инфраструктурни проекти, 5. Градби за социјална заштита во кој ќе бидат опишани можните влијанија од спроведување на проектната активност и предложат мерки за нивно намалување и следење.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Министер за транспорт и врски<br>Горан Сугарески |
| **Датум: ????????**<br>**Место: Скопје** | **М.П.** |